HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ
COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA
HELSINŠKO COMITETI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ
Ул. Даме Груев 8/5, 1000 Скопје; п-фах 58 Р. Македонија тел/факс: + 389 2 3290 469; 3119 073
St. Dame Gruev 8/5, 1000 Skopje; PO Box 58 Republic of. Macedonia tel/fax: + 389 2 3290 469; 3119 073
e-mail: helkom@mhc.org.mk web page: http://www.mhc.org.mk

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА

# ЧЕТИРИЕСЕТ И ДЕВЕТТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ ОДРЖАНА НА 24 ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

## - СЛУЧУВАЊА ПРЕД И ВО СОБРАНИЕТО -

**СКОПЈЕ**

**ФЕВРУАРИ 2013**

## СОДРЖИНА


**Вовед**

**1. Протести пред Собранието**

**2. Случувања во зградата на Собранието**

**2.1. Сведоштва на набљудувачите на Хелсиншкиот комитет**

**2.2. Сведоштва на пратениците од опозицијата**

**Заклучоци**

**Препораки**

# Вовед

На 24 декември 2012 година, пред почетокот на Четириесет и деветтата седница на Собранието на РМ, поголема група на опозициски пратеници беше насилно отстранета од пленарната сала на Собранието. Главна причина за ваквиот епилог претставуваше несогласувањето помеѓу опозицијата и власта во врска со висината на предложениот Буџет за 2013 година како и постапката за негово донесување. За време на расправата по предлогот од страна на надлежните собраниски комисии, опозицијата поднесе над 1.200 амандмани. Најголемиот дел од амандманите воопшто не беа разгледани, како поради нивната бројност, така и поради непостоење на услови за работа предизвикани од бојкотот на претставниците на опозициските партии.

Бојкот се состоеше од активности кои беа неповрзани со самиот предлог на Буџет, како и оневозможување на користење на техничките услови за одвивање на седниците. И покрај тоа, предлогот беше испратен до Владата на РМ која по прифаќање на 44 амандмани до Собранието достави дополнет предлог на Буџет. Незадоволни од ваквиот тек на настаните, пратениците од опозицијата одлучија бојкотот да го продолжат за време на собраниската седница, повикувајќи на протест за време на нејзиното одржување. Покрај симпатизерите на опозициските партии, на протестот присуствуваа и симпатизери на власта.

Хелсиншкиот комитет, согласно својата мисија и визија за мониторинг на состојбите со човековите права во РМ, одблиску ги набљудуваше протестите на 24 декември 2012 година пред Собранието на РМ. Покрај документирање на протестите, претставници на Комитетот беа во можност да проследат и дел од случувањата во зградата на Собранието, пред и за време на одржувањето на Четириесет и деветтата седница, на која една од точките на дневниот ред беше Дополнетиот предлог на Буџетот на Република Македонија за 2013 година (II читање). Со цел за непристрасно и објективно информирање на јавноста, како и за подготовка на соодветни препораки за надминување на настанатата политичка криза, Комитетот го подготви овој посебен извештај врз основа на:

- Сведоштва на претставници на Хелсиншкиот комитет и изготвениот фото и видео материјал за време на непосредното набљудување
- Сведоштва на пратениците од опозицијата поднесени во вид на претставка доставена до Хелсиншкиот комитет на 28 декември 2012 г.
- Утврдување на повреди на уставните, законските и подзаконските одредби кои се однесуваат на организацијата на државната власт, со особен осврт на надлежностите и работата на Собранието
- Процедурални забелешки за работата на собраниските работни тела утврдени од нивните извештаи по Предлог - Буџетот на РМ за 2013 година и
- Стенографските белешки од Четириесет и деветтата седница на Собранието на РМ, одржана на 24 декември 2012 година

# 1. Протести пред Собранието на РМ – 24.12.2012

Претставници на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија на 24.12.2012 година, за време на протестот на „Фронтот на народот“ од една страна и симпатизерите и членовите на опозицијата од друга страна, од самиот почеток ги следеа случувањата во својство на набљудувачи од аспект на почитување на правата и слободите на граѓаните за време на јавен собир. Исто така, по информација добиена од медиумите, дека во пленарната сала се случува насилство врз пратеници од опозицијата и новинарите, претставниците на Комитетот влегоа во Собранието со цел да извршат увид на состојбата во законодавниот дом на Република Македонија. Прелиминарен осврт на настаните и детектирање на клучните повреди на права беа објавени од страна на Комитетот на 25.12.2012 година.[1]

Хелсиншкиот комитет ги мониторираше протестите пред Собранието на Република Македонија и притоа воочи присуство на три групи на граѓани, од кои две беа дел од „Фронтот на народот“ и една група симпатизери и членови на опозициската партија СДСМ. Двете групи на „Фронтот на народот“ заземаа две локации во близина на Собранието на Република Македонија. Едната група се наоѓаше спроти паркот „Жена-



борец“ пред раскрсницата помеѓу улицата „Даме Груев“ и булеварот „11 Октомври“.

[1] http://www.mhc.org.mk/announcements/95#.UO7AKyKH3fA

Другата група граѓани од Фронтот беше собрана пред Порта „Македонија“, односно




булевар „11 Октомври“.

**Видео: Генерален преглед на групи**

https://www.youtube.com/watch?v=Y02FdWLH8wA

Во непосредна близина на првата група посочена погоре, дел од „Фронтот на народот“ или точно на раскрсницата помеѓу улица „Даме Груев“ и булевар „11 Октомври“ беа граѓаните или група симпатизери и членови на опозициската партија СДСМ.



Овие две групи се од особен интерес токму поради фактот што Хелсиншкиот комитет веднаш при пристигнувањето на протестот забележа дека растојанието помеѓу двете групи не е доволно за да биде обезбедена соодветна сигурност и безбедност. Групите беа држени на блиско растојание околу два часа, а беа соодветно разделени откако неколку граѓани беа повредени при конфликтот кој настана при пресметката на групите преку фрлањето на тврди предмети, камења, шишиња, јајца и овошје. Сметаме дека бројот на повредени граѓани ќе беше значително помал, или пак воопшто немаше да има повредени, доколку службените лица навремено реагираа и ги разделеа групите пред да дојде до судир. На фотографијата подолу видливо е минималното растојание помеѓу групите како и можноста групите да дојдат до контакт преку меѓусебните провокации.

**Видео : Растојание помеѓу групите**

https://www.youtube.com/watch?v=WRIuikzVHTg

**Видео: Растојание помеѓу групите по прва интервенција**

https://www.youtube.com/watch?v=tIR_8GSZVjs




**Видео: Разделување на групите на соодветно растојание:**

https://www.youtube.com/watch?v=fFLglyrCCf0

На следните две фотографии јасно се гледа дека разделувањето на групите на соодветно растојание придонесе до прекин на насилството односно пресметката помеѓу групите престана за многу кратко време откако истите увидоа дека повеќе не можат да си наштетат.






Групата граѓани од „Фронтот на народот“ пред Порта „Македонија“ не беше воопшто во контакт со првата и втората група, па поради тоа не можеше да дојде до физичко насилство или инциденти помеѓу спротиставените групи.



По кратко време од стивнување на насилството, по информација добиена за насилството кое се вршело врз пратениците и пратеничките на опозициските партиии од страна на службени идентификувани и неидентификувани лица, граѓаните или група група симпатизери и членови на опозициската партија СДСМ го проби полицискиот кордон и се упати пред Собранието на Република Македонија. По интервенција на полицијата, групата беше притисната и вратена на првичната положба односно на раскрсницата. При интервенцијата на службените лица, Комитетот воочи дека иако полициските службеници во најголем дел професионално ја извршуваа својата должност, сепак во неколку случаи беше нотирана примена на несразмерна физичка сила над граѓани кои го пробија полицискиот кордон, но и селективно приведување и непотребни присилни мерки врз двајца граѓани. Во прилог може да се погледнат видеата од кои јасно се гледа примената на сила од страна на службени лица, како и приведување со употреба на непотребни присилни мерки. Хелсиншкиот комитет увиде дека овие мерки беа превземени само кон групата граѓани симпатизери и членови на опозициската партија СДСМ, иако полицијата во неколку наврати можеше, но одлучи да не интервенира кај спротиставената група (групата граѓани од „Фронтот на народот“ која се наоѓаше спроти паркот „Жена-борец“) особено затоа што беше во близок контакт со лицата кои фрлаа предмети и се однесуваа насилно и несоодветно во текот на целиот протест.

**Видео: Пробивање на кордон и употреба на сила:**

https://www.youtube.com/watch?v=0R3KqVgSHtI

**Видео: Приведување и употреба на сила:**

https://www.youtube.com/watch?v=jYwRgoiT57s

**Видео: Туркање на толпа и распоредување на специјални единици**

https://www.youtube.com/watch?v=Tl59kz4cINo

https://www.youtube.com/watch?v=PDe8k5FZP7M

Дополнително, Комитетот веднаш по настаните изрази загриженост за говорот на омраза на политичка основа и потенцијалното насилство кое што можеше многу лесно да ескалира во секој момент. Говорот на омраза беше забележан кај сите три групи на граѓани. Двете групи на граѓани кои го претставуваа „Фронтот на народот" скандираа, повикуваа и се закануваа во име ВМРО-ДПМНЕ со особен акцент на лидерот на партијата и премиер на Република Македонија, Никола Груевски. Групата граѓани симпатизери и членови на СДСМ исто така возвраќаа со исти или слични пораки кон другата група. Дополнително, Комитетот забележа присуство на навивачки групи и скандирања кај сите три групи присутни на протестите. Говорот на омраза беше евидентно насочен кон поттикнување на политичка омраза помеѓу партиите ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Дел од паролите и скандирањата беа: „За комуњари гасна комора", „Цела Шутка ВМРО", „ВМРО-ДПМНЕ", „Бранко", „Никола", „Амди", (во одбрана на лидерите на партиите групите ги скандираа имињата на претседателите на партиите ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и Сојуз на Ромите од Македонија). Се извикуваше „Педери", и сл., како и навивачки и националистички песни со повици за бранење на Република Македонија во име на политички партии.



Овој нагласен говор на омраза резултираше со физичко насилство, односно покрај овошје и јајца беа фрлани камења, парчиња асвалт и стаклени шишиња од алкохол со кои им беа нанесени повреди на неколку граѓани но и службени лица кои го обезбедуваа јавниот ред и мир.



Парче асфалт (околу 5-6 cm пречник) исфрлено од страната на Фронтот на страната на симпатизерите на опозицијата. Проектилот повреди еден постар граѓанин, кој беше пренесен до Градската болница, со повреда на коленото.

**Видеа: Конфронтација на групи, скандирање и говор на омраза**

https://www.youtube.com/watch?v=8dJdR6rc9CY

https://www.youtube.com/watch?v=9LpFA96mDFA

https://www.youtube.com/watch?v=8dJdR6rc9CY

https://www.youtube.com/watch?v=H1BZDZ4R1Jo

**Група кај Порта Македонија**

https://www.youtube.com/watch?v=YpNwYbA-SdA

Откако групите повеќе не беа во контакт, дел од групата на „Фронтот на народот" и се придружи на групата која беше пред Порта Македонија а со тоа стивнаа провокациите и насилството на улиците.

## 2. Случувања во зградата на Собранието на РМ

Претставници на Хелсиншкиот комитет покрај мониторинг на протестите, на 24.12.2012 година, извршија увид и во Собранието на Република Македонија. По информација од медиумите дека во собраниската сала се случува насилство врз пратеници од опозицијата, претставниците на Комитетот влегоа во Собранието. Претставници на Комитетот имаа можност да разговараат со новинарите кои штотуку беа исфрлени од Собраниската сала. Воедно ја известуваме јавноста дека на 28.12.2012 година пратениците од опозицијата поднесоа претставка до Хелсиншкиот комитет и дадоа детална изјава во која ги изнесоа своите видувања и дадоа детален хронолошкиот редослед на настаните кои претходеле на до насилно исфрлување од пленарната сала. Имајќи ги во предвид своите видувања, изјавите на новинарите, видео – материјалите кои беа објавени и поднесената претставка, Комитетот направи анализата од која произлегуваат заклучоци и препораки .

### 2.1. Сведоштва на набљудувачите на Хелсиншкиот комитет

Претставниците на Комитетот кои беа присутни во Собранието на Република Македонија забележаа видно вознемирени, расплакани и со искината облека пратеници, од кои еден беше во бессознание, а неколку пратеници беа изнесувани со цел да им се укаже

медицинска помош (Радмила Шеќеринска, Митре Велјановски и друтги).[2] Веднаш по овие немили настани започна собраниската расправа по предлог буџетот за 2013 година, поради што претставник на Комитетот се упати во собраниската галерија со цел да ја набљудува пленарната седница, што не ни беше возможно поради заклучената врата од галеријата.

### 2.2. Сведоштва на пратениците од опозицијата во претставка доставена до Хелсиншкиот комитет

- Пратениците на почетокот изјавија дека на 23.12.2012 година во Собранието на РМ каде што ја поминале ноќта, имаат сериозни сомневања дека биле неовластено снимани со „тајна“ камера која не е дел од Собраниските безбедносни камери, односно официјално не постои. За оваа изјава на пратениците не постои доказен материјал и истото треба да се утврди дополнително

- Електронските картички со кои се овозможува активно учество на сите пратеници воедно и работа во Пленарната сала се наоѓале во канцеларијата на Генералниот секретар на собранието. Вообичаената постапка за подигнување на електронските картички пред секоја пленарна седница била изменета без да се известат пратениците од опозицијата. Пратениците изјавија дека се обидувале да му појаснат на претседателот на Собрание дека немаат картички и дека седницата не треба да започне, меѓутоа, претседателот и покрај тоа, најавил почеток на седницата (за оваа изјава на пратениците нема доказен материјал и истото треба дополнително да се утврдува). Во продолжение е интегралната изјава на пратениците:

*„Констатиравме дека овој пат службите не донеле такви картичи. Според кажувањата на колегите - пратеници на ДПМНЕ, картичките се наоѓале во канцеларијата на Генералниот секретар на Собранието.*

*Додека ние се обидувавме да објасниме дека немаме картички и дека седницата не смее да почне, претседателот Велјановски влезе и се обиде веднаш да ја започне седницата. Тој на микрофонот објави дека почнуваме со работа и тргна да ја става својата картичка во читачот.*

*Потврда за тоа, дека беше тенденциозно попречено нашето активно учество во работата на оваа собраниска седница, говори и фактот што спротивно на деловникот и на воспоставената пракса, нам, како на пратеници, не ни беше доставен предлогот од дополнетиот буџет за 2013, а не беше закачен ниту на веб-страницата, ниту, пак, по СМС добивме каква и да било информација за тоа.*

*Конечно, ниту координаторите на пратеничките групи не добија по еден примерок. Со таквото лишување од информации, претседателот на Собранието ни го узурпираше правото за поднесување амандмани, право што е загарантирано со деловникот за работата на Собранието. За сето ова,*

[2] http://www.vesti.alfa.mk/default.aspx?mId=36&eventId=60595 , Извор, репортажа на националната телевизија Алфа

*претседателот на Собранието беше усно известен од страна на потпретседателот на Собранието, пратеникот Јани Макрадули и од координаторот на пратеничката група на НСДП  и ЛП, пратеникот Горан Мисовски, и тоа на официјално закажаната и координативна средба што се одржа со почек во 10 часот, истиот ден. "*

- Пратеникот Јани Макрадули изјави дека ја ставил раката врз опремата која му дозволува на претседателот на Собранието да ја внесе електронската картичка за да ја отпочне седницата. Притоа, пратеникот изјави дека претседателот Вељановски му ја удрил раката два пати со тупаница и тегнење на прстите.[3]

  Во тој момент пристапило собраниското обезбедување и направило обрач околу претседателот по што настанала турканица со обезбедувањето во кое пратеничката Весна Бендеска настрадала. Воедно таа тврди дека лице од обезбедувањето употребило физичка сила додека таа лежела на подот односно била згазната во пределот на надколеницата. Пратениците велат дека обезбедувањето било околу претседателот на Собранието и тие немале физички контакт со него.

- По повредата на пратеничката Бендеска, дел од пратениците ја изнеле надвор од собраниската сала со цел да и се укаже лекарска помош кај собраниска медицинска служба, по што било повикано и амбулантно возило од службата за Брза помош. Во настанатата мешаница настрадала и пратеничката Билјана Казанџиска која се здобила со силен удар во пределот на стомакот по што изгубила здив. Пратеничките Бендевска и Казанџиска потоа се пренесени со исто амбулантно возило до Ургентниот центар. Во овие моменти, пратениците тврдат дека претседателот на Собранието веќе ја напуштил собраниската сала со помош на обезбедувањето по што ситуацијата навидум се смирила.[4]

*"Тогаш дел од пратениците ја изнесоа пратеничката Бендеска надвор од собраниската сала за да и се укаже лекарска помош кај собраниската медицинска служба, по што беше повикано и амбулантно возило од службата Брза помош.  Во оваа мешаница од силен удар во пределот  да стомакот настрада и пратеничката Билјана Казанџиска, по што таа изгуби здив и беше изнесена од салата и пренесена со истото амбулантно возило, па  заедно со Весна Бендеска беа пренесени до ургентниот центар.*

- Пратениците од опозицијата изјавија дека  откако претседателот на Собранието ја напуштил салата направиле кордон околу говорницата со цел на мирен начин да го оневозможат понатамошното кршење на деловникот за работа на Собранието. Во тој момент, започнал процесот на отстранување на новинарите од галеријата на Собранието. Пратеникот Мисовски, бил лично присутен на галеријата кај новинарите, побарал од обезбедувањето да покаже одлука за причините за отстранувањето, и информација за тоа, кој ја издал наредбата за отстранување на новинарите. „Никој од

---

[3] http://www.youtube.com/watch?v=82jBU2bZSnk – Извор, „Јутјуб" канал на веб порталот, МКД.МК
[4] http://www.youtube.com/watch?feature=player_embedded&v=lOBpdX2yfGY – Извор, „Јутјуб" канал на веб портал бриф.мк www.brif.mk

обезбедувањето не одговори на тоа, туку, напротив, тие изведоа трет и последен обид , после кој новинарите беа отсранети“.[5]

*„Дел од нив беа и присилно изнесени во стилот на полициско приведување, со примена на сила (случајот со новинарите Катерина Цаневска, Насер Селмани, Гоце Трпковски). Потоа, сите присутни лица од ходникот пред Салата 1 (асистентите на пратенички групи) беа отсранети и целиот ходник беше испразнет.”*[6]

Во тој момент претседателот на Собранието беше изнесен со помош на обезбедувањето од собраниската сала, па ситуацијата навидум се смири, и ние пратениците од опозицијата, она што претходно јавно го изјавивме, и го сторивме на дело: со жив штит застанавме пред говорницата, со цел на мирен начин со своето тело направивме оневозможување на натамошното кршењето на Деловникот за работата на Собранието.“

- По насилното отстранување на новинарите, пратениците слушнале дека во Собранието на РМ пристигнал голем број на службени лица, припадници на МВР кои не се дел од собраниското обезбедување и дека ќе следува полициска интервенција за присилно физичко отстранување од салата на Собранието. Имено, наведоа дека во собраниската сала имало присуство на околу 40 припадници на безбедносни сили кои биле вооружени и без никаква идентификација;

- Во кордонот околу говорницата не учествувале пратеничката Маринела Тушева која поради бременост не им се придружила во отпорот и пратеникот Панче Орцев кој поради кардиоваскуларни проблеми (стент на срце) исто така не земал учество во кордонот кој го направиле. Двајцата пратеници се соочиле со собраниското обезбедување и биле извлечени од собраниската сала иако не земале учество во ниедна активност. Пратеничката Маринела Тушева тврди дека пратеничката Лилјана Поповска се обидела да и го одземе мобилниот телефон со кој што пратеничката ги документирала случувањата.[7] Додека пак, пратеникот Панче Орцев лично видел и слушнал дека наредбата за одземање на неговиот мобилен телефон во тој момент ја издал лично, претседателот на Собранието, Трајко Велјановски.

*“Неколку минути потоа, започна процесот на отстранување на новинарите од галеријата на Собранието, иако според деловникот, секоја седница на Собравнието, доколку не биде со двотретинско гласање одлучено поинаку, е јавна. И покрај тоа што постоеја провокации и довикувања од пратениците од власта, ние немавме никаков физички контакт со нив ниту со обезбедувањето. По отстратнувањето на новинарите се слушна дека во Собранието на РМ притигнал голем број на припадници на МВР кои*

[5] http://www.youtube.com/watch?feature=player_embedded&v=0853TrDwkA0#! , Извор, „Јутјуб“ канал на веб портал бриф.мк www.brif.mk
[6] http://www.youtube.com/watch?feature=player_embedded&v=SgtQj3AOUSI , Извор, „Јутјуб“ канал на Здружение на новинар на Македонија (ЗНМ), http://www.youtube.com/watch?feature=player_embedded&v=0853TrDwkA0#! , Извор, „Јутјуб“ канал на веб портал бриф.мк www.brif.mk

[7] http://www.youtube.com/watch?v=vkjGjFb27mE, Непознат извор

*не се членови на собраниското обезбедување и разбравме дека ќе следува полициска интервенција за наше присилно физичко отстранување од салата на Собранието. "*

Цитати од претставката на Пратениците:

*"По целосното отстранување на новинарите од галеријата, ние како пратеници, водени од одлуката на ненасилен отпор, се фативме за раце и направивме кордон околу говорницата и катедрата на претседателот на Собранието. Пет минути потоа, од двата влеза на собраниската сала упаднаа, според наша проценка најмалку 40 лица, кои во најголем дел беа вооружени службеници на МВР. Дел од нив немаа никаква идентификација, што е спротивно на Законот за Собранието. Во тој момент започна влечење, удирање на пратениците од опозицијата со цел да бидат насилно исфрлени од салата и да бидат физички попречени да земат учество во работата на Собранието."*

*„На нашите зборови, -НЕМОЈТЕ ВАКА, НИЕ СМЕ ПРАТЕНИЦИ!, тие одговараа, -ВИЕ НЕ СТЕ ПРАТЕНИЦИ, ВИЕ СТЕ ЃУБРИЊА КОМУЊАРСКИ, ЌЕ ВЕ ЗГАЗИМЕ!"*

*"Надвор од кордонот, живиот штит што го формиравме околу катедрата на претседателот на Собранието, на пратеничките места останаа пратеничката Маринела Тушева, која е инаку бремена во втор месец, и пратеникот Панче Орцев, кој има кардиоваскуларни проблеми (вградени три стента). Овие двајца пратеници, без да прават никакво неред во салата, од двете страни со камерите од мобилните телефони го снимија настанот. Додека пратеничката Тушева се обидуваше да снима, беше најпрво физички нападната од пратеничката од власта, Лилјана Поповска, со обид за грабање и одземање на мобилниот. Потоа пратеничката Тушева беше нападната и од собраниското обезбедување, кое направи обид да и се одземе мобилниот телефон, по што снимањето заврши со заштитување на телефонот од нејзина страна и нејзиното насилно исфрлање од собраниската сала[8]. Пратеникот Панче Орцев, исто како и Тушева, иако седеше настрана од турканицата и од катедрата со кордонот од пратениците на опозицијата и тој беше нападнат од собраниското обезбедување, кое исто така направи неуспешен обид да му се одземе мобилниот телефон".[9]*

Инаку, пратеникот Панче Орцев лично видел и слушнал дека наредбата за одземање на неговиот мобилен телефон во тој момент ја издал лично, претседателот на Собранието, Трајко Вељановски.

*"Понатаму, во целата турканица, пратеничката Тања Томиќ, спротиставувајќи се на физичкото исфрлање, си седна на собраниско столче. Оттаму, иако не нарушуваше ништо и не правеше никаков неред, туку само се обиде да се врати неколку чекори за да си ги најде очилата што и паднаа во мешаницата, и таа беше грубо и насилно исфрлена од собраниската сала. На насилен начин беше физички нападната и со влечење исфрлена пратеничката Радмила Шеќеринска, која, инаку, имаше веќе претходна свежа повреда на ногата."* [10]

---

[9] http://www.youtube.com/watch?feature=player_embedded&v=wfMKIhzVvpk Извор, „Јутјуб" канал на веб портал бриф.мк www.brif.mk

[10] http://www.youtube.com/watch?feature=player_embedded&v=0j59czN_tKI#!, Извор, „Јутјуб" канал на веб портал бриф.мк www.brif.mk

http://www.youtube.com/watch?feature=player_embedded&v=wfMKIhzVvpk Исфрлање на пратениците

*"Пратеникот Митре Велјановски, како последица на стресот од насилното исфрлање, колабираше (изгуби свест) надвор од салата, во еден од ходниците."*

*„Пратеникот Игор Ивановски сведочи дека додека ја пренесувал повредената пратеничка Шеќеринска низ ходниците кај собраниските доктори, затекнал еден од докторите наведнат над легнатиот на под пратеник, Митре Велјановски, како го реанимира со помош на маска со кислород ".*

*"Пратениците Радмила Шеќеринска и Митре Велјановски беа пренесени од пратеници и лекари во амбулантата на Собранието.*[11] *Лекарска помош во собраниската амбуланта побара и пратеникот Горан Сугарески, кој имаше видливи подливи во делот на ребрата и бубрезите, кои што им ги покажа на пратеникот Игор Ивановски и на лекарите. Исто така, и пратеничката Дивна Јовковска, побара лекарка помош заради големи болки од ударите во бубрезите."*

- Пратеничката Ленче Николовска, кажува дека во моментот кога претставниците на медиумите беа исфрлени надвор од собраниската сала, пратениците од ДПМНЕ веќе биле седнати, а пратениците на ДУИ влегле во собраниската сала. Тогаш, координаторот на ДУИ, Талат Џафети, со подбив им се обратил на пратениците на опозицијата со зборовите "СЕГА ВАМ ЌЕ ВИ ТРЕБА СПАС". Веднаш потоа, се отвориле вратите, и тогаш за една минута обезбедувањето ја исполнило салата и започнало да ги напаѓа пратениците на опозицијата.

„Во тој временски вакуум, што се чинеше цела вечност, ние си ја чекавме пресудата, дали ќе не апсат, или ќе не застрелаат" - вели пратеничката Ленче Николовска.[12]

- Повеќе пратеници на опозицијата сведочат дека во моментот кога влегле припадниците на МВР во салата, голем дел од пратениците на ДПМНЕ почнале да аплаудираат. Неколку сведоци го виделе, а некои ја овековечиле сцената кога Министерот за финансии, Зоран Ставревски,[13] со мавтање на раката бара од обезбедувањето побрзо отстранување на пратениците од опозицијата од собраниската сала. [14]

- На фотографијата е даден еден дел од припадниците обезбедувањето кое учествуваше во исфрлањето на пратениците од опозицијата (некои немаат идентификација).



[11] http://www.youtube.com/watch?feature=player_embedded&v=3wmSM2A_mbo , Извор, „Јутјуб" канал на веб портал бриф.мк www.brif.mk
[12] http://www.youtube.com/watch?v=EXFJSoqUCCg - Извор, официјален „Јутјуб" канал на Социјал-демократскиот сојуз
[13] http://www.youtube.com/watch?feature=player_embedded&v=Gi0vHtGnAFU#! - Извор, веб страница, бриф.мк www.brif.mk
[14] http://www.youtube.com/watch?v=EXFJSoqUCCg – Извор, официјален „Јутјуб" канал на Социјал-демократскиот сојуз

## Заклучоци

- Комитетот со загриженост констатира дека со ваквите дејствија се врши удар на уставниот поредок на Република Македонија, а случувањата преставуваат досега невиден застрашувачки преседан спротивен на основните принципи на правната држава и владеењето на правото. Особено загрижува фактот што пратениците од опозицијата беа насилно отстранети од собраниската сала од страна на досега неидентификувани лица за кои сеуште не е утврдено дали се припадници на специјални полициски единици или на обезбедувањето на Собранието на Република Македонија. Притоа, постојат основани сомненија за тенденциозно и однапред смислено отстранување на пратениците од опозицијата, како резултат на фактот дека во собраниската сала биле присутни и пратениците Маринела Тушева и Панче Орцев, кои седеле од страна и воопшто не учествувале во настанатиот неред, а сепак биле и тие присилно отстранети.

- Применета е несразмерна физичка сила врз пратениците и новинарите при нивното отстранување од собраниската сала.

- Со насилното отстранување на новинарите од собраниската сала е постапено спротивно на член 16 и член 70 од Уставот на Република Македонија, член 19 од Универзалната декларација за човекови права, член 10 од Европската конвенција за човековите права, член 2, 225 и 227 од Деловникот на Собранието, поради исклучување на јавноста од работата на Собранието.

- Со оневозможување на работата на пратениците од опозицијата, односно околноста дека на истите не им биле дадени електронски картички за учество на седницата претседателот на Собранието постапил спротивно на неговите обврски и должности утврдени во член 62 алинеја 1 од Деловникот според кој тој заедно со потпретседателите се грижи за остварување на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа, дотолку повеќе што претседателот на Собранието, и покрај тоа што бил претходно известен од страна на потпретседателот на Собранието, пратеникот Јани Макрадули, и од координаторот на пратеничката група на НСДП И ЛП, пратеникот Горан Мисовски, дека на пратениците од опозицијата не им бил доставен предлогот од дополнетиот предлог - буџет за 2013 година, тој сепак ја започнал седницата, со што, воедно постапил спротивно и на член 60 алинеја 7 од Деловникот.

- Со одлуката да се исфрли од собраниската сала целата пратеничка група на СДСМ е постапено спротивно на член 92 и член 93 од Деловникот за работа на Собранието, според кои претседателот на Собранието заради одржување на редот може да даде наредба за отстранување на еден пратеник, но не и на цели пратенички групи. Ова дотолку повеќе што во случај да не може да се одржи редот во собраниската сала најпрвин тој треба да даде две усни опомени, а доколку и тоа не придонесе до воспоставување на редот, да одреди краток прекин на седницата. Во исто време, врз основа на видео снимките може да се констатира дека е нарушен и принципот на

поделба на власта, бидејќи припадниците на полицијата вршеа насилно отстранување на пратениците и тоа по „наредба“ на министерот за финансии, Зоран Ставревски.

- Со објавувањето на стенограмот од оваа седница, по изминување на еден месец и една недела од нејзиното одржување, Комитетот уште еднаш заклучува дека постои тенденција за прикривање на фактите и околностите кои што се од важност за утврдување на вистината, од причина што не постои ниту еден податок за овој инцидент. Притоа, Комитетот потенцира дека Собранието не одговори на барањето за доставување на стенограмските белешки од седницата одржана на 24.12.2012 година, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

- Останува отворено прашањето за начинот на кој што биле направени снимките објавени на официјалниот „Ју тјуб“ канал на Министерството за внатрешни работи, а кои го регистрираат настанот на сосема поинаков начин од останатите објавени снимки на медиумите.

## Препораки

Ценејќи ги претходно изнесените констатации и заклучоци за инцидентот во Собранието, Комитетот препорачува независна истрага за негово целосно расчистување на, преку која ќе бидат утврдени следните факти и околности поврзани со случувањата на 49-тата седница на Собранието на Република Македонија, со цел да се одговори на следниве прашања:

- Да се истражи изјавата на пратениците од опозицијата дека биле неовластено снимани во текот на ноќта на 23.12.2012 година;

- Да се утврдат причините поради кои на извештаите од Законодавно-правната комисија и Комисијата за финансирање и буџет се потпишани од страна на група членови на комисијата односно со ознака с.р. без видлив потпис;

- Дали на пратениците од опозицијата им бил доставен дополнетиот предлог – буџет за 2013 година и останатите материјали потребни за учество на седницата?

- Дали бил одржан координативен состанок меѓу претседателот на Собранието, потпретседателите и координаторите на пратеничките групи?

- Дали на пратениците им бил оневозможен пристапот до собраниската сала и учество на седницата поради непоседување на електронски картички?

- Кој ја издал наредбата за присилното отстранување на новинарите и пратениците од опозицијата од собраниската сала, со посебен осврт на причините поради кои и пратениците Маринела Тушева и Панче Орцев биле, исто така, отстранети од салата и покрај тоа што воопшто не биле дел од инцидентот?

- Кои биле службените лица кои учествувале во присилното отстранување на новинарите и пратениците од собраниската сала, како и причините поради кои овие лица во толку голем број се наоѓале во Собранието на Република Македонија, а притоа е нотoрно дека истите не се припадници на службата за обезбедување на Собранието и

- Причините поради кои во стенограмските белешки од 49-тата седница на Собранието на Република Македонија не постои евиденција за инцидентот.[15]

Комитетот, на крајот препорачува, доколку од независната истрага се утврди дека наредбата за присилното отстранување на новинарите и пратениците од собраниската сала била дадена од страна на претседателот на Собранието на Република Македонија, истиот да поднесе неотповиклива отставка поради прекршување на одредбите од Уставот на Република Македонија, меѓународните документи и Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Горенаведеново дотолку повеќе што во член 43 став 2 од Законот за Собранието на Република Македонија е утврдено дека овластените службени лица од органите на државната управа не можат без одобрение на претседателот на Собранието да преземаат мерки спрема пратениците, работниците во Службата на Собранието и спрема други граѓани.

[15] http://www.sobranie.mk/ext/sessiondetails1.aspx?Id=c83e605d-fcbe-40b0-a66a-a79e97649637 , Стенограмски белешки, 49 седница, 24.12.2012